Образец бр.1

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување на Законот за административните такси |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Сузана Стојмироска<br>Раководител на Сектор за даночна и царинска политика |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | .05.2012 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**А. Почетна проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои се главните проблеми?**

Постојната висина на административната такса која се наплатува за секое поднесено барање за издавање на одобрение за градење на градби од втора категорија, претставува финансиско оптоварување за лицата при спроведувањето на постапката за добивање на дозвола за градење, па затоа со предложените измени на Законот за административните такси, се предлага нејзино намалување за 50%.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Со предложеното изменување на Законот за административните такси се врши намалување на висината на административната такса за поднесено барање за издавање на одобрение за градење на градби кои се од локално значење. Исто така со Предлог-Законот се врши и усогласување на тарифата на административните такси со одредбите од Законот за градење.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Измените на Законот за административните такси ќе бидат подготвени во соработка и консултација со Министерството за транспорт и врски и Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Не се потребни дополнителни информации.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Не.

**В. Временска рамка**

1. **Кога ќе почнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?** Активностите околу проценката на влијанието на регулативата ќе отпочнат во текот на месец 2012 година.

   **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитичките студии, собирање информации итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?** Не.

2. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат донесени до Генералниот секретаријат?**

   Април 2012 година.

**Г. Ресурси**

**1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот?**

Проценката на влијанието на регулативата и финализирањето на Предлогот на законот ќе се изврши од страна на вработените во Министерството за финансии.